Врз основа на член 18 став 1 алинеја 3 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21 и 154/23), а во врска со член 41 став 6 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 3 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, одлучувајќи по Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговското радиодифузно друштво ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје, арх.бр.84/23 од 13.10.2023г. (наш Уп1 бр.02-335 од 13.10.2023г.), согласно Заклучокот на Советот арх.бр.02-3836/3 од 26.10.2023г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 34-та седница одржана на 26.10.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

1. СЕ ДОЗВОЛУВА промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје, и тоа:

- за истапување на физичкото лице [redacted] (поранешен од [redacted]), со ЕМБГ [redacted] и последно живеалиште на ул.„[redacted]“ бр.[redacted], [redacted] и

- за пристапување на физичкото лице [redacted] (сопруга на [redacted] - поранешен од [redacted]), со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул.„[redacted]“ бр.[redacted], [redacted].

2. Се задолжува Трговското радиодифузно друштво ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје, по извршената промена наведена во точка 1 на оваа Одлука, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје, согласно член 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/14), со Известување за промена на сопственичка структура арх.бр.84/23 од 13.10.2023 г. (наш Уп1 бр.02-335 од 13.10.2023 г.), ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) за неговата намера да спроведе промена на сопственичката структура на ТРД ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје.

Доставеното Известување за промена на сопственичка структура арх.бр.84/23 од 13.10.2023 г. (наш Уп1 бр.02-335 од 13.10.2023 г.), од страна на ТРД ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје, се утврди дека е комплетно и уредно, односно ги содржи сите податоци и документи утврдени во Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичка структура.

Имено, поради смрт на сопственикот на ТРД ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје ([redacted] - поранешен од [redacted]), побарана е согласност за пристапување на физичкото лице [redacted], со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул.„[redacted]“ бр.[redacted] во [redacted]. Согласно Решението ОН.НОВ Бр.3164/23, УДР бр.64/23, правосилно на 12.09.2023г., по спроведената оставинска постапка, лицето [redacted] од [redacted], сопруга на оставителот, е огласена за законски наследник на право: на непаричен основачки влог во износ од МКД [redacted] во Трговско радиодифузно друштво ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје, со ЕМБС 4867793, видно од Тековна состојба на правното лице бр.0805-50/150020230233165 од 12.09.2023 година издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија.

Агенцијата со цел да испита дали со предложените промени на сопственичката структура на ТРД ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје би се создала недозволена медиумска концентрација, односно дали тие се спротивни на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38 од ЗАВМУ, преку

[1]Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.248/18).

интернет Дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Северна Македонија (РСМ), обезбеди „Информација за поврзани субјекти (овластени лица, органи на управување, сопственици во други субјекти) – тековна состојба", број 0820-50/150020230280203 од 17.10.2023 г., од која е видно дека лицето [redacted] се јавува само како управител на ТРД ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје (ова правно лице не се јавува како сопственик на трговски друштва).

Дополнително, Агенцијата изврши проверка и во Регистарот на вистински сопственици кој го води Централниот регистар на РСМ, од каде што го обезбеди документот „Тековна состојба за физичко лице - вистински сопственик", број 2007-50/150020230280218 од 17.10.2023г., од којшто беше потврдено дека лицето [redacted] не се јавува како вистински сопственик на трговски друштва.

По извршената промена на сопственичка структура, единствен сопственик на ТРД ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје ќе биде физичкото лице [redacted], со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул.„[redacted]" бр.[redacted], [redacted].

Со оглед дека Агенцијата констатираше дека со спроведувањето на промената на сопственичката структура на ТРД ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗАВМУ, односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 и 38 од истиот Закон, по поднесеното Известување за промена на сопственичката структура арх.бр.84/23 од 13.10.2023 г. (наш Уп1 бр.02-335 од 13.10.2023г.), Советот на Агенцијата, донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр.02-335**

**27.10.2023 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ с.р.**

**Правна поука**: Против оваа одлука радиодифузерот, доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката да поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд.